РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2116/2
24-12-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава на познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 57-та седница одржана на ден 17.12.12.2021 година ја донесе следнава

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот оформен по пријава, заведена под број 12-5149/1 од 11.11.2019 година, на познат подносител, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што по предметниот случај е постапено од страна на други надлежни органи и за останатите наводи нема можност да се произнесе бидејќи не се доставени дополнителните информации побарани од подносителот на пријавата.

Предметот со број 12-5149/1 од 11.11.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, ----------- -------------- од ------------, на ден 21.07.2020 година, поднесена е пријава по која е оформен предмет со наводи против судија од Основен суд Кичево, нотар од Кичево и поранешен командир на ПС Кичево поради постоење на основано сомнение за здружување, примање мито и поткуп корупција, злоупотреба на службена должност и неосновано стекнување на материјална корист.

При разгледувањето на предметниот случај, ДКСК ги зема во предвид предметните наводи и по увид во приложената документација, констатирано е дека:

- во конкретниот случај се работи за водена парнична постапка во врска со пронајден тестамент од мајката на подносителот, по кој требало да се покрене постапка за имотно правни односи,

-тестаментот бил составен од нотар од Кичево, кој во м. Април 2018 година го повикал подносителот како еден од законските наследници и го известил дека требало да се започне парнична постапка во врска со пронајден тестамент од неговата мајка, сега покојна, а кој тестамент бил отворен на ден 29.03.2018 година за што бил составен и Записник од страна на судија од Основен суд Кичево, а на денот на отворањето на тестаментот присутен бил само неговиот брат и неговото семејство, а тој не поради тоа што од страна на именуваниот судија не бил повикан да присуствува на отворањето- не добил никаков допис од судот. Инаку со овој тестамент тој добивал само 1/6 од имотот а неговиот брат 3/6 , на кое тој се изјаснил дека тоа не го прифаќа поради тоа што тоа неговите родители, тој и брат му биле согласни имотот да се подели на по ½ меѓу двајцата браќа. Нотарот ја прекинал постапката и го посоветувал да се консултира со адвокат за да се оспори тестаментот кај надлежен орган и го поучил да се договори со неговиот

брат за решавање на оваа ситуација. Но, настанало недоразбирање помеѓу нив, особено по фактот дека неговиот брат сакал да ја стави куќата во која и тој живее под хипотека на што тој не се согласил. По ова започнало неговото тероризирање и малтретирање од неговиот брат и неговиот зет - полициски службеник, а во меѓувреме неговиот брат извадил маркица за градење во ЕЛС Кичево на местото на кое била гаражата на Веломир а за кое тој поднел барање за легализација на објектот.

- од страна на подносителот бил поведен судски спор кој преку адвокат поднел тужба до Основен суд Кичево за поништување на тестаментот но, не можел да добие препис или фотокопија од нотарот бидејќи тој му рекол дека не постоел оригинален тестамент, па заради тоа повел постапка за утврдување на право на сопственост по основ на градба, во која судската постапка ја водел судијата и кој пресудил во негова штета. Незадоволен од пресудата поднел жалба до Апелациониот суд во Гостивар кој ја потврдил првостепената пресуда .

-подносителот ------------ -------------- се сомнева во корутивна поврзаност при постапувањето на судијата од Основен суд Кичево и нотарот од Кичево со физичкото лице во својство на поранешен командир на ПС Кичево и зет на неговиот брат, поради сознанија дека бараниот тестамент не смеело да му биде издаден иако тој барал препис или копија од истиот.

Заради целосно утврдување на фактичката состојба за случајот, ДКСК побара од подносителот да достави дополнителни податоци и информации, со копија од соодветна документација во прилог, по однос на тоа во која фаза се наоѓа предметната постапка во врска со пронајдениот тестамент од неговата мајка сега покојна а за кој на 29.03.2018 година бил составен Записник за негово отворање број ---------- од страна на судија ---------- ----------- од Основен суд Кичево, потоа за тоа дали била покрената постапка за имотно правни односи во врска со наведениот тестамент и кој бил исходот од постапката заклучно со денешен ден. По барањето на ДКСК не е постапено од страна на подносителот и не се доставени дополнителни податоци и информации, со копија од соодветна документација во прилог.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, ДКСК утврди дека во конкретниот случај станува збор за наводи по кои се надлежни да постапуваат други надлежни органи како и дека подносителот на пријавата ги искористил сите правни лекови во врска со предметниот случај а од страна на сите надлежни органи до кои се обратил било постапено во рамките на нивната надлежност. Воедно, за останатите пријавени наводи ДКСК нема можност да се произнесе бидејќи не се доставени дополнителните информации побарани од подносителот на пријавата, односно по барањето на ДКСК не е постапено од страна на подносителот и не се доставени дополнителни податоци и информации, со копија од соодветна документација во прилог побарани заради целосно утврдување на фактичката состојба за случајот. Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Биљана Ивановска**

Доставено до :
- Подносителот.

Изработил: Ј.Ц..
Одобрил: Г.Т.,член на ДКСК